РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 12-1091/2
26-07-2024 г.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 8-мата седница одржана на 24.07.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1091/1 од 12.03.2024 година, со наводи за одземање на недвижности и друг имот од физичко лице, **СЕ ОТФРЛА**.
ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што во пријавата се содржани наводи кои не упатуваат на незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Воедно, ДКСК нема надлежност за постапување во врска со содржината и резултатот од постапувањето на правосудните органи.
Предметот со број 12-1091/1 од 12.03.2024 година да се затвори и да се архивира.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 12.03.2024 година, поднесена е пријава со наводи за одземање на недвижности и друг имот од физичко лице, и оформен е предмет број 12-1091/1 од 12.03.2024 година.
Во пријавата подносителот, без да посочи конкретни службени лица, институции и незаконски дејствија, истакнува дека од страна на институциите му е одземен целокупниот имот – недвижности и друг наследен имот, и изразува сомневање дека таквата состојба произлегла од здружено дејствување на негова штета од страна на судии, извршители, адвокати, нотари и други чинители.
Во прилог на пријавата доставена до ДКСК подносителот доставил копии од преддоговор за соинвеститорство, од преддоговор за купопродажба на стан и од одобрение за градење, копија од известување од Судскиот совет на Република Северна Македонија, како и копија од документација од постапки водени пред

Основниот суд /// и Апелациониот суд ///, и копија од документација од постапки водени пред Основното јавно обвинителство /// и Вишото јавно обвинителство ///.
По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности. Видно од документацијата доставена во прилог на пријавата, станува збор за околности кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за прашање поврзано со надлежно постапување на други органи.
Следствено, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.
Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата